**Љупчо Јаневски**, директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот



# Не ја гледам Шапка само како зимски центар, туку како дестинација за цела година

страница 7

# Не ја гледам Шапка само како зимски центар, туку како дестинација за цела година

**Инвестиции** Попова Шапка има идеални услови за развој на туризмот и со инвестиции за 5-10 години може да стане сериозна дестинација, вели Јаневски. Неговиот личен став е дека најдобрата опција е јавно-приватно партнерство



Весна Дамчевска



Владата бара начини како Попова Шапка да стане модерен, висококвалитетен скијачки центар од национално и меѓународно значење и, како што информираше, во таа насока, на последната седница ја разгледала и ја усвоила „Информацијата за изнаоѓање решение за Ски-центарот Попова Шапка“, како и можноста „Елем турс“ да се одвои од АД Електрани на Северна Македонија за да функционира како самостоен субјект во рамките на Владата.

За Попова Шапка има студија од 2019 година, во која се анализираат можностите: продажба, јавно-приватно партнерство, или управување со сегашната структура, но веќе е јасно дека последниот модел не е опција, односно дека Владата ќе бара купувач или партнер за јавно-приватно партнерство.

Во разговор за „Слободен печат“, директорот на Агенција за промоција и поддршка на туризмот Љупчо Јаневски вели дека неговиот личен став е дека најдобра опција е јавно-приватно партнерство.

- Такви искуства има во регионот и моите очекувања се дека ќе има интерес од сериозни компании. Попова Шапка има идеални услови за развој на туризмот и со инвестиции за 5-10 години може да стане сериозна дестинација, која нема да биде интересна само во зима, туку преку целата година - вели Јаневски.

Јаневски, Попова Шапка не ја гледа само како зимски центар, туку како планинска, еколошка дестинација, која треба да привлече се поголем број домашни и регионални туристи преку годината, а потоа да стане и интернационална дестинација.

- Потребно е сериозно да се работи на сместувачки капацитети со еко-предзнак, да се градат хотели со зелени ѕвездички и да се креира туризам со одржлива и развојна компонента - вели Јаневски.

Според него, целото заздравување на секторот туризам треба да биде зелено.

- Во светски рамки преовладува градењето зелени хотели кои одговараат на потребите на туристите да бидат општествено одговорни кон природата, без влијание на флората

## Берово и Маврово покажаа дека руралниот туризам опстојува и во корона

• Корона-кризата покажа дека руралниот туризам е многу пожилав и дека таму има мал пад на бројот на ноќевања, вели Љупчо Јаневски, директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во разговор за „Слободен печат“.

- Така, на пример, според сознанијата што ги имам од локалните туристички работници, бројот на ноќевања во Берово во 2020 година во однос на 2019 година е намален за само 3 до 5 проценти, Маврово кое блесна во полн сјај во 2020 година, дури има и поголем број ноќевања во однос на 2019 година - *вели Јаневски.*

Тој објаснува дека корона-кризата ги сменила навиките на туристите и тие се ориентирани кон патување во мали групи, мали туристички капацитети и кон еко и рурален туризам.

- 2021 година ќе покаже колку дестинациите успеале да се одржат и колку создале услови за безбеден туризам - вели Јаневски.